УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ -ШТИП
ФИЛОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ

# ПАЛИМПСЕСТ

МЕЃУНАРОДНО СПИСАНИЕ ЗА ЛИНГВИСТИЧКИ, КНИЖЕВНИ И КУЛТУРОЛОШКИ ИСТРАЖУВАЊА

# PALIMPSEST

INTERNATIONAL JOURNAL FOR LINGUISTIC, LITERARY AND CULTURAL RESEARCH

ГОД. I, БР. 1
ШТИП, 2016

VOL. I, NO 1
STIP, 2016

# ПАЛИМПСЕСТ

**Меѓународно списание за лингвистички, книжевни и културолошки истражувања**

# PALIMPSEST

**International Journal for Linguistic, Literary and Cultural Research**

**Год. I, Бр. 1**
**Штип, 2016**

**Vol. I, No 1**
**Stip, 2016**

**ISSN 2545-3998**
http://js.ugd.edu.mk/index/PAL

**ПАЛИМПСЕСТ**
Меѓународно списание за лингвистички, книжевни
и културолошки истражувања

**ИЗДАВА**
Универзитет „Гоце Делчев“, Филолошки факултет, Штип,
Република Македонија

**ГЛАВЕН И ОДГОВОРЕН УРЕДНИК**
Ранко Младеноски

**УРЕДУВАЧКИ ОДБОР**
Виктор Фридман, Универзитет во Чикаго, САД
Толе Белчев, Универзитет „Гоце Делчев“, Република Македонија
Нина Даскаловска, Универзитет „Гоце Делчев“, Република Македонија
Ала Шешкен, Универзитет Ломоносов, Руска Федерација
Олга Панкина, НВО Македонски културен центар, Руска Федерација
Георгета Раца, Универзитет Банат, Романија
Астрид Симоне Гintrol Грослер, Универзитет Банат, Романија
Горан Калоѓера, Универзитет во Риека, Хрватска
Дејан Дуриќ, Универзитет во Риека, Хрватска
Шандор Чегледи, Универзитет во Панонија, Унгарија
Ева Бус, Универзитет во Панонија, Унгарија
Хусејин Озбај, Универзитет Гази, Република Турција
Зеки Ѓурел, Универзитет Гази, Република Турција
Елена Дараданова, Универзитет „Св. Климент Охридски“, Република Бугарија
Ина Христова, Универзитет „Св. Климент Охридски“, Република Бугарија
Џозеф Пониах, Национален институт за технологија, Индија
Сатхарај Венкатесан, Национален институт за технологија, Индија
Петар Пенда, Универзитет во Бања Лука, Босна и Херцеговина
Данило Капасо, Универзитет во Бања Лука, Босна и Херцеговина
Мета Лах, Универзитет во Љубљана, Република Словенија
Намита Субиото, Универзитет во Љубљана, Република Словенија
Ана Пеличер-Санчез, Универзитет во Нотингам, Велика Британија
Мајкл Грини, Универзитет во Нотингам, Велика Британија
Татјана Ѓурин, Универзитет во Нови Сад, Република Србија
Диана Поповиќ, Универзитет во Нови Сад, Република Србија
Жан Пол Мејер, Универзитет во Стразбур, Република Франција
Жан Марк Веркруз, Универзитет во Артуа, Република Франција
Регула Бусин, Швајцарија
Натале Фиорето, Универзитет во Перуџа, Италија
Оливер Хербст, Универзитет во Вурцбург, Германија

**PALIMPSEST**
International Journal for Linguistic, Literary
and Cultural Research

**PUBLISHED BY**
Goce Delcev University, Faculty of Philology, Stip,
Republic of Macedonia

**EDITOR-IN-CHIEF**
Ranko Mladenoski

**EDITORIAL BOARD**
Victor Friedman, University of Chicago, United States of America
Tole Belcev, Goce Delcev University, Republic of Macedonia
Nina Daskalovska, Goce Delcev University, Republic of Macedonia
Alla Sheshken, Lomonosov Moskow State University, Russian Federation
Olga Pankina, NGO Macedonian Cultural Centre, Russian Federation
Georgeta Rata, Banat University, Romania
Astrid Simone Grosler, Banat University, Romania
Goran Kalogjera, University of Rijeka, Croatia
Dejan Duric, University of Rijeka, Croatia
Sándor Czegledi, University of Pannonia, Hungary
Éva Bús, University of Pannonia, Hungary
Husejin Ozbaj, GAZİ University, Republic of Turkey
Zeki Gurel, GAZİ University, Republic of Turkey
Elena Daradanova, Sofia University “St. Kliment Ohridski”, Republic of Bulgaria
Ina Hristova, Sofia University “St. Kliment Ohridski”, Republic of Bulgaria
Joseph Ponniah, National Institute of Technology, India
Sathyaraj Venkatesan, National Institute of Technology, India
Petar Penda, University of Banja Luka, Bosnia and Herzegovina
Danilo Capasso, University of Banja Luka, Bosnia and Herzegovina
Meta Lah, University of Ljubljana, Republic of Slovenia
Namita Subiotto, University of Ljubljana, Republic of Slovenia
Ana Pellicer Sanchez, The University of Nottingham, United Kingdom
Michael Greaney, Lancaster University, United Kingdom
Tatjana Durin, University of Novi Sad, Republic of Serbia
Diana Popovic, University of Novi Sad, Republic of Serbia
Jean-Paul Meyer, University of Strasbourg, French Republic
Jean-Marc Vercruysse, Artois University, French Republic
Regula Busin, Switzerland
Natale Fioretto, University of Perugia, Italy
Oliver Herbst, University of Wurzburg, Germany

**РЕДАКЦИСКИ СОВЕТ**
Драгана Кузмановска
Толе Белчев
Нина Даскаловска
Билјана Ивановска
Светлана Јакимовска
Марија Леонтиќ
Јована Караникиќ Јосимовска

**ЈАЗИЧНО УРЕДУВАЊЕ**
Даница Гавриловска–Атанасовска (македонски јазик)
Весна Продановска (англиски јазик)
Толе Белчев (руски јазик)
Билјана Ивановска (германски јазик)
Јована Караникиќ Јосимовска (италијански јазик)
Светлана Јакимовска (француски јазик)
Марија Леонтиќ (турски јазик)

**ТЕХНИЧКИ УРЕДНИК**
Славе Димитров

**АДРЕСА**
ПАЛИМПСЕСТ
РЕДАКЦИСКИ СОВЕТ
Филолошки факултет
ул. „Крсте Мисирков“ бр. 10-А
п. фах 201
МК-2000 Штип, Македонија
**ISSN 2545-3998**

Меѓународното научно списание „Палимпсест“ излегува двапати годишно во печатена и во електронска форма на посебна веб-страница на веб-порталот на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип: http://js.ugd.edu.mk/index.php/PAL

Трудовите во списанието се објавуваат на следните јазици: македонски јазик, англиски јазик, германски јазик, француски јазик, руски јазик, турски јазик и италијански јазик.

Трудовите се рецензираат.

**EDITORIAL COUNCIL**
Dragana Kuzmanovska
Tole Belcev
Nina Daskalovska
Biljana Ivanovska
Svetlana Jakimovska
Marija Leontik
Jovana Karanikik Josimovska

**LANGUAGE EDITORS**
Danica Gavrilovska-Atanasovska (Macedonian language)
Vesna Prodanovska (English language)
Tole Belcev (Russian language)
Biljana Ivanovska (German language)
Jovana Karanikik Josimovska (Italian language)
Svetlana Jakimovska (French language)
Marija Leontik (Turkish language)

**TECHNICAL EDITOR**
Slave Dimitrov

**ADDRESS**
PALIMPSEST
EDITORIAL COUNCIL
Faculty of Philology
Krste Misirkov 10-A
P.O. Box 201
MK-2000, Stip, Macedonia
**ISSN 2545-3998**

The International Scientific Journal "Palimpsest" is issued twice per year in printed form and online at the following website of the web portal of Goce Delcev University in Stip: http://js.ugd.edu.mk/index.php/PAL

Papers can be submitted and published in the following languages: Macedonian, English, German, French, Russian, Turkish and Italian language.

All papers are peer-reviewed.

## СОДРЖИНА / TABLE OF CONTENTS


11 ПРЕДГОВОР
Проф. д-р Виолета Димова, прв декан на Филолошкиот факултет во Штип
FOREWORD
Prof. Violeta Dimova, the first Dean of the Faculty of Philology in Stip

**ЈАЗИК / LANGUAGE**

15 **Marija Kusevska**
DESCRIBING SPEECH ACTS FROM CROSS-CULTURAL AND INTERLANGUAGE PERSPECTIVE

27 **Costanza Geddes da Filicaia**
"TIRINNANZI" O "TYRYNNANZY"? IL *GIORNALINO DI GIAN BURRASCA* E LA GRAFFIANTE IRONIA ONOMASTICA DI LUIGI BERTELLI
**Costanza Geddes da Filicaia**
"TIRINNANZI" OR "TYRYNNANZY"? THE *GIORNALINO DI GIAN BURRASCA* AND LUIGI BERTELLI'S MORDANT IRONY ON NAMES

37 **Paolo Orrù**
STRATEGIE DISCORSIVE DELL'INFORMAZIONE TELEVISIVA NEL DISCORSO SULLE MIGRAZIONI, ALCUNI APPUNTI LINGUISTICI SUL CASO ITALIANO
**Paolo Orrù**
DISCOURSIVE STRATEGIES OF THE TV INFORMATION IN THE DISCOURSE ABOUT MIGRATIONS, SOME LINGUISTIC POINTS REGARDING THE ITALIAN CASE

53 **Марија Гркова**
ОСВРТ КОН УСВОЈУВАЊЕТО НА ГРАМАТИЧКИТЕ КАТЕГОРИИ КАЈ ИМЕНКИТЕ ВО МАКЕДОНСКИОТ ЈАЗИК КАКО СТРАНСКИ
Marija Grkova
REVIEW OF THE ACQUISITION OF THE GRAMMATICAL CATEGORIES OF NOUNS IN MACEDONIAN AS A FOREIGN LANGUAGE

**КНИЖЕВНОСТ / LITERATURE**

67 **Марија Ѓорѓиева-Димова**
ИНТЕРПРЕТАТИВНИ ОСЦИЛАЦИИ МЕЃУ ТЕКСТОТ И КОНТЕКСТОТ
Marija Gjorgjieva Dimova
INTERPRETATIVE OSCILLATIONS BETWEEN TEXT AND CONTEXT

81 **Весна Мојсова-Чепишевска**
КУЛТУРНАТА ДРУГОСТ НИЗ „ТЕЧНИОТ ГОВОР“ НА ПОЕТСКИОТ ЗБОР И ФОТОГРАФИЈАТА
Vesna Mojsova Chepishevska
THE CULTURAL DIFFERENCE THROUGH “THE FLUENT SPEECH” OF THE POETIC WORD AND PHOTOGRAPHY

93 **Ивица Максимовски**
СЕМАНТИКАТА И СИМБОЛИКАТА
ВО „ЛОША ТЕТКА И ДРУГИ РАСКАЗИ“ ОД КОВИЛОСКИ
Ivica Maksimovski
SEMANTICS AND SYMBOLISM
IN “BAD AUNT AND OTHER SHORT STORIES” BY KOVILOSKI

101 **Nazlı Rânâ Gürel**
NECİP FAZIL KISAKÜREK’İN BİR ADAM YARATMA
ADLI PİYESİNDE ELEŞTİREL YAKLAŞIMLAR
Nazli Rana Gurel
CRITICAL APPROACH FOR ‘TO CREATE A MAN’ BY NECIP FAZIL

109 **İvona Stoyanovska**
BAHRÎ VE DİVANI
İvona Stojanovska
BAHRI AND HIS DIVAN

119 **Славчо Ковилоски**
ЗАПИСИТЕ НА КУЗМАН ШАПКАРЕВ ЗА МАШКО-ЖЕНСКИТЕ ОДНОСИ И МАКЕДОНСКОТО ОБИЧАЈНО ПРАВО
Slavcho Koviloski
KUZMAN SHAPKAREV’S RECORDS OF MALE-FEMALE RELATIONS AND MACEDONIAN CUSTOMARY LAW

127 **Луси Караниколова-Чочоровска**
СУДБИНСКАТА ЕНЕРГИЈА НА ПОЕТСКАТА РЕЧ (ЗА ПОЕТСКАТА СУДБИНА НА ГАНЕ ТОДОРОВСКИ, АТАНАС ВАНГЕЛОВ И ТОДОР ЧАЛОВСКИ)
Lusi Karanikolova-Chochorovska
THE DESTINAL ENERGY OF THE POETIC WORD (FOR THE POETIC DESTINY OF GANE TODOROVSKI, ATANAS VANGELOV AND TODOR CHALOVSKI)

135 **Miruna Craciunescu**
RÉACTIVATION D’UN IMAGINAIRE DU XVIII$^{E}$ SIÈCLE DANS LES *ILLUSIONS PERDUES* D’HONORÉ DE BALZAC
Miruna Craciunescu
IN SEARCH OF A COLLECTIVE IMAGINARY OF THE 18$^{TH}$ CENTURY IN BALZAC’S *LOST ILLUSIONS*

**149 Eva Gjorgjievska**
MARCEL PROUST ET LES PERSONNAGES JUIFS DANS *A LA RECHERCHE DU TEMPS PERDU*
Eva Gjorgjievska
MARCEL PROUST AND THE CHARACTERS OF JEWS IN THE NOVEL *IN SEARCH OF LOST TIME*

**161 Искра Тасевска Хаџи-Бошкова**
БИОГРАФИЈАТА НА КУЗМАН ШАПКАРЕВ ВО СВЕТЛИНАТА НА БИОГРАФСКИТЕ ДИСКУРСИ
Iskra Tasevska Hadji Boshkova
KUZMAN SHAPKAREV'S BIOGRAPHY IN THE CONTEXT OF BIOGRAPHICAL DISCOURSES

**КУЛТУРА / CULTURE**

**173 Diego Poli**
MATTHEW RICCI - LI MADOU: A DIALOGUE ACROSS CULTURES

**185 Петар Намичев, Екатерина Намичева**
ТРАНСФОРМАЦИЈА НА КУЛТУРНАТА МЕМОРИЈА ПРЕКУ ТРАДИЦИОНАЛНАТА АРХИТЕКТУРА ВО МАКЕДОНИЈА
Petar Namicev, Ekaterina Namiceva
THE TRANSFORMATION OF CULTURAL MEMORY THROUGH THE TRADITIONAL ARCHITECTURE IN MACEDONIA

**199 Стојанче Костов**
ВЛИЈАНИЕТО НА ШКОЛАТА НА ИГОР АЛЕКСАНДРОВИЧ МОЈСЕЕВ ВО МАКЕДОНСКИТЕ ФОЛКЛОРНИ АНСАМБЛИ
Stojance Kostov
THE INFLUENCE OF THE SCHOOL OF IGOR ALEXANDROVICH MOJSEYEV IN THE MACEDONIAN FOLK DANCE ENSEMBLE

**207 Јане Јованов, Катерина Ромашевска**
АЗБУКА НА ЧЕШКИТЕ РЕАЛИИ
Jane Jovanov, Katerina Romashevska
ALPHABET OF CZECH REALITIES

**МЕТОДИКА НА НАСТАВАТА / TEACHING METHODOLOGY**

**213 Igor Rižnar**
BLENDED LANGUAGE LEARNING AND FLIPBOARD IN HIGHER EDUCATION

**225 Mahmut Çelik, Ümit Süleymani**
MAKEDONYA'DA 'TÜRK YAZI DİLİ TARİHİ' KONUSUNU ÜNİVERSİTE TÜRK DİLİ VE EDEBİYATI BÖLÜMLERİNDE "ROL OYNAMA (DRAMATİZASYON) YÖNTEMİYLE ÖĞRETİMİ"

Mahmut Çelik, Ümit Süleymani
THE HISTORY OF TURKISH WRITTEN LANGUAGE TAUGHT AT UNIVERSITY DEPARTMENT OF TURKISH LANGUAGE AND LITERATURE IN MACEDONIA WITH ROLEPLAYING (DRAMATIZATION) METHOD

237 **Fausto Maria Greco**
UN PERCORSO DIDATTICO DI INTERCULTURALITÀ ATTRAVERSO LA NARRATIVA DI FABIO GEDA
Fausto Maria Greco
A DIDACTIC ITINERARY TOWARDS INTERCULTURALITY THROUGH THE NARRATIVE OF FABIO GEDA

251 **Snezana Petrova, Sevda Lazarevska**
L'IDENTITE CULTURELLE ET LES APPROCHES ET PRATIQUES INTERCULTURELLES DANS L'EDUCATION
Snezana Petrova, Sevda Lazarevska
CULTURAL IDENTITY AND INTERCULTURAL APPROACHES IN EDUCATION

259 **Brikena Xhaferi, Gezim Xhaferi**
THE ROLE OF CALL IN FOSTERING LEARNER AUTONOMY – A STUDY CONDUCTED AT SOUTH EAST EUROPEAN UNIVERSITY IN TETOVO

**ПРИКАЗИ / BOOK REVIEWS**

269 **François Schmitt**
COMPTE-RENDU : « FANTASTIKA (NIELEN) V TALIANSKEJ LITERATURE » (« LE FANTASTIQUE DANS LA LITTÉRATURE ITALIENNE ET AILLEURS), PAR EVA MESAROVA
François Schmitt
REVIEW: »"FANTASTIKA (NIELEN) V TALIANSKEJ LITERATURE" (FANTASTIC IN ITALIAN LITERATURE AND ELSEWHERE), BY EVA MESAROVÁ

**ДОДАТОК / APPENDIX**

275 ПОВИК ЗА ОБЈАВУВАЊЕ ТРУДОВИ
ВО МЕЃУНАРОДНОТО НАУЧНО СПИСАНИЕ „ПАЛИМПСЕСТ"
CALL FOR PAPERS
FOR THE INTERNATIONAL SCIENTIFIC JOURNAL "PALIMPSEST"

UDC: 316.7:72.04(497.7)

Оригинален научен труд
Original research paper

**Петар Намичев**
**Екатерина Намичева**

# ТРАНСФОРМАЦИЈА НА КУЛТУРНАТА МЕМОРИЈА ПРЕКУ ТРАДИЦИОНАЛНАТА АРХИТЕКТУРА ВО МАКЕДОНИЈА

**Апстракт**: Трансформацијата на сликата на градот или селото во човековата меморија сè почесто се менува и потребно е прилагодување кон современите потреби и концепт на живеење. Динамиката на културната меморија во различен контекст ги трансформира познатите и обични градби во симболи, во контекст на секојдневното живеење. Потребно е да се согледаат основните сегменти за анализа на трансформацијата на сликата на градот и на руралните населби во рамките на традиционалната архитектура во Македонија. Преку одредени примери од хронологијата на традиционални објекти и историски јадра во Македонија како трансформирани слики на културната меморија, осознаваме одредени вредности на мемориската слика. Притоа констатираме примери каде што е сочувана во поголем обем сликата на градот или каде што е целосно сменета сликата на градот или на руралната населба. Насоките за зачувување на оптималното ниво на културната меморија во рамките на традиционалната архитектура се движат кон подигнување на јавната свест, развој на културната политика, осовременување на законската регулатива, прилагодување кон урбанистичките и просторни планови, развој на културниот и руралниот туризам и интердисциплинарен пристап во заштитата на градителското наследство.

**Клучни зборови**: *меморија, место, традиција, архитектура, наследство, градба*.

## Вовед

Истражувањата[1] на релацијата помеѓу меморијата и местото, односно помеѓу одредена архитектонска форма, создава одреден вид на меморија. Одговорноста за архитектурата како стратешко прашање е изразена преку политичката моќ или културното значење, со можност за уништување на општеството, на градот или на местото. Архитектурата не претставува само збир на материјали за градење, туку одредена околина, вид на материјал и сл. Архитектурата го кодира просторот физички, ментално и емоционално. Архитектурата кореспондира и пренесува во насока кон физичкото место и значењето на географското место,

[1] Идејата за овој труд е презентирана на Првата меѓународна научна конференција на тема „Културна меморија" што се одржа од 5 до 7 септември 2013 година во Скопје, во организација на Центарот за култура и културолошки студии (ЦККС). Овде трудот се објавува за првпат во неговата интегрална форма.

културниот идентитет и туристичката интервенција, како на пример во музејските објекти. (Hornsten, 2011).

Промената на меморијата кај поединецот се менува со возраста, објектот на набљудување – зградата или местото – при што се создава историја на меморијата кај секој поединец, односно барање аналогија со промените во колективната меморија во општеството или во околината. Сето тоа е поврзано со колективниот менталитет. (Hutton, 1993).

Миграциите кон новите локации создаваат губење на меморијата на поединецот, односно претставуваат само прилагодување на одредена колективна меморија на новото место.

Динамиката на културната меморија во различен контекст (фолклор, историја, комуникации) ги трансформира познатите и обични градби во симболи, во контекст на секојдневното живеење. Културната меморија претставува креативна измислица на минатото во сервис на сегашноста (реалноста) и замислената иднина. (Ben A. D. Weissberg L., 2005).

Културната релација и компарација е поделена на три димензии: лична, социјална и културна. Хуманата димензија се води во правец на реалната лична меморија, во една социјална рамка и надворешни културни симболи (текстови, слики и ритуали). Културната меморија е комплексна со карактер на класична и модерна, света или секуларна. (Assman, 2011, стр. 15-27).

Зошто ги посетуваме значајните градби кога можеме, за да ги забележиме посилно во нашата меморија, да ги осознаеме просторите на градбите, поминувајќи низ нив, за да станат дел од нас на одреден начин, или можеби да примениме одреден дел од нив во нашите нови креации. Градбите секогаш се обидуваат да бидат одреден театар на нашата меморија (Eco, 1986, стр. 94).

За да се заборави нешто што некогаш било познато, и за нешто за што никогаш не сте размислувале, за да се примени терминот амнезија, треба да постои причина, некогаш да се знае нешто за да се заборави нешто.

Поврзувањето на одреден концепт на социјалната и дисциплинираната меморија наоѓа своја кохезија во постоењето на традиционалната архитектура, за нејзината радикална примена. (Stanford, 1999, стр. 13-24).

Општеството го меморира минатото низ традицијата, односно како дел од колективната меморија во архитектурата каде што општеството преговара, продуцира и ја репродуцира културата во еден процес на нејзино изразување и пренесување. (Goucher, 1998).

Една од најголемите потреби на човекот е да се има смисла за идентитет и припадност. Остварувањето на хуманата димензија во рамките на пејзажот е наоѓање на идентитетот во пејзажот и местото, како културна меморија. (Taylor, 2009).

Преку движењето во секојдневните комуникации човекот ги доживува постојаните промени во својата меморија. Дали е возможно меморијата да остане  непроменлива? Културната меморија останува фиксирана да сведочи за минатото, да ја реконструира меморијата повторно. (Assman, 1988, стр. 9-19).

Значаен дел од визуелната слика на поединецот за негова идентификација со местото на живеење претставува историскиот дел од населбата. Покрај богатиот фонд на разновидност на културно наследство, градителското наследство создава тродимензионална визуелна слика. Одредени споменици од градителското наследство во еден историски период стануваат заштитен знак на идентификација на одредена урбана населба, односно стануваат државен симбол за препознавање (Париз, Њујорк, Берлин и сл.). Во Македонија постои хронологија на симболична препознатливост на еден објект во урбана населба, како Камениот мост за Скопје или Самуиловата тврдина за Охрид, Саат кулата во Велес и Прилеп и сл.

Но, забележани се и примери на користење на стилизирани симболични форми на фасада од куќи во Охрид (куќата на фамилијата Робевци во Охрид) со симетрични еркерни испусти кои се користат како симболи на препознатливост, за графичка идентификација на одредени институции или одредени графички решенија – логоа на локална самоуправа и сл. Оваа форма на примена на симболични форми користени од традиционалната архитектура, како дел од веќе препознатливи симболични форми, се првите сегменти на влијанието што го имаат врз сеопфатниот опус на  форми и динамиката на создавањето и зачувувањето на културната меморија на едно место.




Слика 1

*Логоа со грбови на Охрид, Велес и МАНУ (Скопје) – традиционалната архитектура користена преку симболи на препознатливост (тврдина, саат кула, куќа)*

Во понатамошниот развој препознатливоста на местото го проширува своето значење и се поврзува со одредени делови или комплекси од градителското наследство кои претставуваат доминантни точки и мотиви во одредувањето на концептот на меморијата за еден градителски комплекс. Најтипични примери за тоа се просторот на Широк сокак во битолската урбана матрица, скопската Турска (Стара) чаршија, кратовската Ајдучка чаршија и други јадра во Струга, Охрид, Крушево и сл. На овој начин и меморијата на населението, но и од сите посетители, долгорочно се поврзува со урбаната целина на единствен и оригинален начин. Сите дополнителни случувања кои се поврзани со одреден симболичен дел од градот се во прилог на афирмацијата на дадената мемориска конотација и ја зголемуваат вредноста на применетиот визуелно-мемориски концепт на дадената визуелна слика. Поврзувањето може да се појави во одреден контекст кога објектот има одредена конкретна функција од витално значење за урбаната населба (Широк сокак во Битола, мост во Кратово) или само симболичко маркирано поврзување (Саат кула во Велес, куќа во Охрид).



Слика 2
*Препознатливост на место поврзано со меморија (Кратово, 19 век – 20 век)*

Виталноста на меморијата која е поврзана со местото (рурално или урбано) и традиционалните објекти во современоста, доживува сѐ поголем интензитет. Трансформацијата на сликата на градот или на селото во човековата меморија сѐ почесто се менува и потребно е прилагодување кон современите потреби и концепт на живеење.

## 1. Основни сегменти за анализа на трансформацијата на сликата на градот и на руралните населби во рамките на традиционалната архитектура во Македонија

Трансформираната културна меморија може да се анализира низ еден мултидисциплинарен пристап на фактори и историско- општествени влијанија, кои интензивно влијаат врз формирањето на современата меморија кај човекот.

Основните елементи кои влијаат врз меморискатa матрица со еден современ урбан концепт може да се дефинираат преку анализа на историските градби и јадра, со третман како издвоени целини, и преку начинот на нивното влијание и вклопеност со современите потреби на градот и нивната повеќефункционална поврзаност. Поврзаноста на меморијата на жителите со историските градби е силна и долготрајна – код кој се развивал низ повеќе генерации и оставил трага не само на визуелната слика, врз социолошко-економската поврзаност на градскиот простор, туку и врз мемориско влијание од највисок интерес и потреба од негово негување и зачувување за идните генерации. Затоа градителското наследство, односно одредени автентични историски сегменти од урбаниот дел подлежат на посебни режими и законски регулативи за нивно зачувување, што има висок приоритет во идентификацијата со градската слика или пејзаж, до степен на препознатливост.



Слика 3

*Битола – вредности на стара и нова културна меморија*

*(Широк сокак, 1907 – 2012)*

Според тоа, градителското наследство и современиот урбан концепт на населбата се основни елементи за формирање на мемориска матрица на една населба. Секој од нив има одредени влијанија со различен интензитет во мемориското доживување кај жителите, и на одреден начин еволуира и на различен начин се перципира од страна на секој поединец.

Традиционалната архитектура од 19 и почетокот на 20 век, поради намената на градбите со станбен карактер, претрпува постојана трансформација, но со силно влијание врз меморискатa слика на градот и

на руралните населби. И покрај различноста на архитектонско-градежниот концепт во двете средини, тие имаат силно влијание врз меморискáта слика за населбата, иако како самостојни просторни целини куќите претставуваат дел од историските јадра и се креативен волуменско-просторен детал на сликата на местото, заради негова препознатливост. Терминот *традиционална* означува архитектонски модел кој е формиран како резултат на дадена состојба на услови на локација, општествено-економска состојба и потребите на семејната заедница, локални принципи на градителски мерила, а сето тоа еволуирано во еден историски контекст. Како резултат на тоа создадени се градби со природен пристап на спонтан развој, произлезен од нивниот локален третман. Ваквиот начин на трансформација и развој на градбите кои се клучни во формирањето на препознатливоста на мемориският сегмент означува сигурен идентитет на секој поединец во своето опкружување.

## 2. Примери – хронологија на традиционални објекти и историски јадра во Македонија како трансформирани слики на културната меморија

Место на носителите на силната трансформација на културната меморија се градовите со зачувани историски јадра и објектите во рамките на градителското наследство во Македонија. Преку одредени примери во градовите (Велес, Скопје, Струмица, Кратово, Крушево, Охрид, Струга, Штип, Тетово, Дебар, Битола, Прилеп, Берово ), како и во руралните целини (Мариово, Река, Малешевија, Полог и сл.), може да се анализира трансформираната слика на културната меморија, со различен интензитет, во периодот на 19 и 20 век. Овие места содржат силен мемориски импулс, како средини кои се ориентирани кон умерен урбан развој и кон зачувување на одредени маркирани локални градби, маала или панорама на местото со особени карактеристики на населбата.

### *2.1. Примери каде што во поголем обем е сочувана сликата на градот (Кратово, Охрид, Крушево, Скопска Црна Гора и други)*

Факторите кои влијаат врз зачувувањето на меморијата на местото преку градбите се:

**А.** Недоволно развиените подрачја или населби – региони (инфраструктура, патишта) претставуваат средини каде што во најдолг временски период е сочувана јасно издиференцирана слика за меморијата на местото. Структурата на објектите и нивното вклопување во автентичноста на руралната средина, која носи еколошки пристап што доминира во културната меморија на населението во временски период на неколку столетија, е во мал обем нарушена од нови градежни структури.

 

Слика 4
*Сочувана слика за меморијата на местото (Скопска Црна Гора, 2013)*

**Б.** Туристички цели (нови материјали со традиционална форма)

Концептот на развиени туристички центри (старо градско јадро, хотелски објекти, спа-центри) придонесува за зачувување на овие традиционални објекти во нивната основна форма. Потребно е адаптирање, санирање или пренамена на одредени градби за да се реализира нивната современа форма на ревитализација, што во краток временски период создава долгорочна стратегија.

 

Слика 5
*Заштитена културна меморија на местото*
*(заштитено градско јадро на улица „Ј. Алабаков“, Велес, 1948- 2013)*

**В.** стратегија на развој на културните активности

Овој начин на потенцирање на традиционалните градби се изразува преку различни културни активности како што се доминација на традиционалните занаети (Малешевија), поттикнување и одржување на традиционалното градежништвото (Река), одржување на ликовни колонии (Велес), организација на празнични одбележувања од верски и од локален карактер и слично.

***2.2. Примери каде што е целосно сменета сликата на градот (Струмица, Берово, Прилеп)***

**А.** Миграциски – демографски фактори

Влијанието од миграциите на населението во голема мера ја менува сликата на населбата. Напуштањето на традиционалните огништа во селските населби доведува до тоа напуштените традиционални објекти за кратко време, под влијание на временски и други фактори, да пропаѓаат до конечно руинирање, односно уништување. На тие места остануваат празни локации или инцидентно се формираат нови градби, со што целосно се менува сликата на населбата и меморијата за нејзин опстанок.

**Б.** Природни непогоди и слични фактори (земјотреси, рудници, поплави, комуникации, недоволно развиени економски подрачја – Скопје, Саса, планински села и сл.)

Природните непогоди и недоволната развиеност на подрачјата се уште еден влијателен фактор за силен импулс кој води кон целосно менување на сликата на местото при што се губи мемориската слика за неговата архаичност. По природните непогоди не постојат доволно економски мотиви за зачувување на традиционалните вредности на градбите и најчесто се менува комплетната слика за населбата, односно меморијата за изгледот на местото. Во овој случај сосема се губат градителските вредности на населбите, сосема исчезнуваат од меморијата на нивните жители.

**В.** Урбанистички недостатоци во законската регулатива (парцијални деформации на градбите, снемување на цели историски јадра во урбаните и во руралните населби)

Со развојот на современата наука од областа на заштитата на градителското наследство се овозможува зачувување на одредени комплекси- јадра од традиционални градби со споменички вредности. Но, со одредени пропусти во поглед на културната стратегија и со повеќегодишните планови се појавуваат одредени неефективни мерки кои резултираат со пропаѓање на овие објекти и со неможност за интервенција врз нив и нивно зачувување.

**Г.** Примери на строго дефинирана рамка на менување на културната меморија со трансформација на градителското наследство

Во одредени примери каде што градителското наследство има соодветен третман, во строго дефинирана намена, каде што е применета

конзервација на објектите, ревитализацијата и адаптацијата се покажуваат како ефективен метод на зачувување на културната меморија.



Слика 6
*Реконструирана културна меморија на локацијата*
*(праисториска археолошка населба – „Заливот на коските“, Охридско, 2013)*

При одредени трансформации на урбаната околина и интервенции во менувањето на сликата и меморијата на градот, потребно е населението да има одлучувачка улога во овој креативен процес. Притоа треба да се почитува локалниот интерес на различните социјални групи, бидејќи населбите се продукт на индивидуалци и на нивната меморија, преку начинот на размислување се манифестира културата, идентитетот, јазикот, традицијата, односно севкупната меморија (Radovic, 1995, стр. 70). Историјата на градските јадра е значаен фактор во урбанистичките анализи околу формата и меморијата на просторот (Krier, 1999, стр. 50). Особено внимание се обрнува при обновувањето на градовите во кои градските историските јадра имаат највисок приоритет за поттикнување на урбаната свест при што како најзначаен пример на зачувување на колективната меморија, со внимателно промислени потези во урбаниот контекст, се посочува градот Барселона во Шпанија (Vanista-Lazarevic, 2003, стр. 94-116). Меморијата се зема во контекст на опишувањето на функционалноста на градот од туристички аспект, за зачувување и потенцирање на историските вредности (Barton, 2001, стр. 27-37).

Секој придонес е значаен во насока на тоа како градителското наследство, односно архитектурата, се примаат и се испорачуваат во јавниот простор преку вклучување на жителите, политичарите, професионалците, корисниците и сите други кои ја создаваат колективната градителска околина што е содржана во колективната меморија.

**Заклучок: насоки за зачувување на оптималното ниво на културната меморија во рамките на традиционалната архитектура**

Врз основа на дадените примери може да се предложат одредени насоки за начинот и за влијанијата на факторите кои се значајни за зачувување на автентичноста на културното профано градителско наследство.

Идните насоки се движат во рамките на:

**А.** Подигнување на јавната свест за перманентна едукација на населението. Тоа најчесто се однесува на вклучување на одредени програми и проекти во едукативниот процес, стимулирање на одредени проекти од оваа област во прилог на јавна едукација и афирмација на градителското наследство.

**Б.** Културната политика на долгорочен план (манифестации) подразбира континуирани активности на полето на културната преобразба. Ова се однесува на едукација на сите целни групи кои низ неколку генерации формираат цивилизациски коректен однос кон културното градителско наследство. Едукативните форми се реализираат низ организирање на манифестации – градителски училишта, едукативни игри, публикации, саемски активности, забавни активности, едукативни курсеви, научни собири и сл.

**В.** Законските регулативи за заштита на градителското наследство претставуваат категорија на превентивна заштита што е поврзана со активностите на општествениот систем и неговата ангажираност. Една од примарните заложби на современите општества е односот кон културното наследство и негово инкорпорирање во системот на европските и на светските закони за негова заштита. Притоа голем дел од активностите се поврзани со одредени меѓународни организации чијашто примарна цел е да дејствуваат превентивно и да го регулираат односот помеѓу системот каде што се лоцирани спомениците и начинот на нивното користење (ICROM, ICOMOS, ICME, ICOM).

**Г.** Прилагодувањето кон урбанистичките и просторни планови претставува превентивна мерка за зачувување на градителските вредности. Потребно е во општата методологија на плановите да се вклучи и одредена методологија за зачувување на градителското наследство и негов современ третман, соодветно адаптиран на европските и на светските регулативи.

**Д.** Интензивирање на одредени форми на културен и рурален туризам и слично.

**Ѓ.** Примена на заштитата на градителското наследство со интердисциплинарен пристап во областа на науката која применува стандардни конзерваторски методи. Оваа активност се движи во рамките на заштита (адаптација, конзервација, реконструкција) и ревитализација на градителското наследство. Покрај работата на институциите од областа на заштитата (конзерваторски центри, институти за истражување, музејски

институции и сл.), потребно е и афирмирање на овие културни вредности и вклучување на одредени програми за подигнување на јавната свест на населението. Преку овој начин на третирање на градителското наследство директно се влијае врз формирањето на културната меморија на едно место, објект, урбана или рурална целина, пејзаж и слично.




Слика 7
*Стара и нова културна меморија на местото* (*Штип*, *1935 – 2011*)

Профаното градителско наследство, како една комплексна област, има големо влијание врз формирањето и врз современата трансформација на сликата на градот или на руралната населба. За неговото зачувување потребна е посебна стратегија и афирмација во рамките на општествениот систем. Културната меморија претставува комплексен систем на апсорбирање на слики и информации во еден долг временски период. Информациите се поврзани со специфичните потреби на населението, неговите секојдневни активности на еден помал или поширок простор каде што се вклучени многу фактори кои имаат одредено влијание, како што се промена на клима, социолошко- општествени промени, економски влијанија и слично. Овие дополнителни фактори во помала мера влијаат врз формирањето на сликата на местото, но сосема доволно за да ја одредат насоката за зачувување на мемориската слика. Потребно е да се анализира секое влијание и да се земе како релевантно затоа што дејствува со одреден интензитет што може да ја одреди спецификата на духот на местото како клучен елемент во формирањето на меморијата на културниот идентитет на одредено место. Архитектонскиот сегмент во сликата на местото е подложен на постојана трансформација во зависност од споменатите фактори, но има силно влијание врз преостанатите сегменти од културната сфера на еден општествен систем или нација. Затоа, потребно е да се обрне посебно внимание на градителското наследство како една временска заложба на одредена територија што отсликува одредено ниво на култура на еден општествен систем, односно нација, а со тоа директно валоризира одреден квалитет на зачувувањето на културната меморија на местото.

Сегментот на препознатливост на културната меморија е силен кога во општествената средина се негува и се развива односот кон сите видови на култура, а особено е влијателна свеста за вредностите на градителското наследство. Потребен е долг временски период и негување на односот низ неколку генерации за да се подигне нивото на свеста за односот кон историските градби. Видливоста на градбите од архитектонското наследство има мултивалентна функција која создава интензивно влијание врз мемориската структура на жителите на урбаниот или на руралниот комплекс. Мултивалентноста може да се дефинира на повеќе нивоа – како визуелно доживување на просторот од структурата на населбата, поврзаност со архаичните градби кои го формираат духот на градот и неговата културна меморија, поврзаност со одредени современи актуелни општествени движења преку економијата и туристичкиот развој – или, пак, како сегмент за национална поврзаност и идентификација на една нација или народ со одредено симболично значење преку користење на формата на спомениците на градителското наследство.

**Библиографија**


Assman, J. (1988). *Collective Memory and Cultural Identity*, Kultur und Gedachtnis, Frankfurt/Main: Suhrkamp.

Assman, J. (2011). *Communicative and cultural memory, knowledge and space.* vol.4.

Sanderson, (1999). *Traditional dwellings and settlements review*.

Barton Craig, (2001). *Cites of memory*, Princeton architectural press, New York

Ben, A. D. Weissberg L (2005). *Cultural memory and the construction of identity*. Wayne state university press.

Bertman, S. (2000). *Cultural amnesia, Americas future and the crisis of memory*. USA: Greenwood publishing group.

Boyer, M.Ch. (1996). *The City of collective memory*. Massachusetts: Massachusetts institute of technology.

Craig, B. (2001). *Cites of memory*. New York: Princeton architectural press.

Dengiz, B. (1999). *Culture, symbols, collective memory and meaning in contemporary architecture*. AED 501. Commentary bibliography series, January.

Eco, U. (1986). *Architecture and memory*, trans.william Weaver, IN VI 4, Journal of the Graduate School of fine arts, University of Pensilvania, vol. 8, Architecture and literature.

Goucher, C. LeGuin Ch. Walton L. (1998). *In the Balance*: Themes in World History (Boston: McGraw-Hill,) selections from chapter 9, *Culture and Memory*.

Hornstein, Sh. (2011). *Losing site, architecture, memory and place*. UK British library: Ashgate, studies in architecture. MPG book group.

Hutton, H.P. (1993). *History as an art of memory*. University of Vermont, England, Hanover: University press of new.

Krier, R. (1999). *Градски простор у теорији и пракси*. Београд: Грађевинска књига.

Radovic, R. (1991-1995). *On sities, planning & urban design.* YTK, C-40. University of Technology.

Stanford, A. (1999). *Memory without Monuments: Vernacular Architecture*. TDSR, vol XI, nr. I.

Taylor, K. (2009). *Landscape and memory: cultural landscapes values and some thoughts on Asia*.
Vanista-Lazarevic, E. (2003). *Obnova gradova u novom milenijumu*, Beograd: Classic map studio.
Vesely, D. (2004). *Architecture in the age of divided representation, the question of creativity in the shadow of production.* Masachusetts: Masachusetts institute of Technology.

Petar Namicev
Ekaterina Namiceva

## The Transformation of Cultural Memory through the Traditional Architecture in Macedonia

**Abstract:** The transformation of the image of the city or village where human memory is increasingly changing and needs to be adapted to the modern needs and the concept of living. The dynamics of cultural memory in a different context transforms the familiar and beloved buildings in symbols in the context of everyday life. It is necessary to consider the basic elements for the analysis of the transformation of the image of the city and rural areas within the traditional architecture in Macedonia. Through specific examples of the chronology of traditional buildings and historic cores in Macedonia as transformed images of cultural memory, we acknowledge our particular values of the memory image. Thus we find examples where the image of the city is preserved to a greater extent or where the image of the city or rural settlement is completely changed. The guidelines for preserving the optimal level of cultural memory within the traditional architecture are moving towards raising the public awareness, development of cultural policy, modernization of legislation, adapting to urban and spatial planning, development of cultural and rural tourism and inter disciplinary approach for protection of architectural heritage.

**Keywords**: *memory, place, tradition, architecture, heritage, building.*

